На годишното собрание на акционери на Топлификација АД Скопје одржано на 28.04.2011 година, врз основа на потпишаните акционерски книги присуствуваа 258 акционери и полномошници на акционери кои поседуваат 244.080 акции со право на глас или вкупно 54,24% од вкупниот број на акции. При разгледувањето на точките од дневниот ред и донесувањето на одлуки, присутните акционери гласаа на следниот начин:

| | ***Точки на дневен ред*** | ***„за“*** | ***„против“*** | ***„воздржани“*** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | *Разгледување, усвојување и одобрување на Годишната сметка, Годишниот извештај за работата на друштвото во 2010 година и работата на управниот и надзорниот одбор на Топлификација АД Скопје* | *244.080 акции*<br>*54.24%* | */*<br>*0%* | */*<br>*0%* |
| **2** | *Разгледување на Извештајот за економско - финансиската ревизија на Топлификација АД Скопје за 2010 година* | *244.080 акции*<br>*54.24%* | */*<br>*0%* | */*<br>*0%* |
| **3** | *Донесување Одлука за распределување на остварената добивка од работењето за деловната 2010 година* | *244.080 акции*<br>*54.24%* | */*<br>*0%* | */*<br>*0%* |
| **4** | *Донесување Одлука за утврдување дивиденден календар за 2011 година* | *244.080 акции*<br>*54.24%* | */*<br>*0%* | */*<br>*0%* |
| **5** | *Донесување Одлука за именување на ревизор на годишната сметка на Топлификација АД Скопје за 2011 година* | *244.080 акции*<br>*54.24%* | */*<br>*0%* | */*<br>*0%* |
| **6** | *Отповикување на членовите на Надзорниот одбор и вршителот на должноста член на Надзорниот одбор и избор на нови членови на Надзорен одбор на Топлификација АД Скопје* | *244.080 акции*<br>*54.24%* | */*<br>*0%* | */*<br>*0%* |
| **7** | *Донесување одлука за избор на лице кое ќе изврши упис во трговскиот регистар* | *244.080 акции*<br>*54.24%* | */*<br>*0%* | */*<br>*0%* |

На самото собрание беа поставени следните прашања:

***Прашање:*** *Доколку 15% од добивката е распределена за законски резерви, не е искажано во проценти колку изнесува дивидендата која ќе се исплатува?*

***Одговор:*** *Дивидендата која ќе се исплати во согласност со Предлог Одлуката за распределување на нето добивката по Годишната сметка за 2010 година, изнесува во проценти 66,6%, останатиот дел останува нераспределен.*

---

***Прашање:*** *Ако се има предвид дека во последните 3 години дивидендата е мала, за 2009 година е распределено само 50% од дивидендата, оваа година 66,6%, нејасно е како Топлификација АД Скопје остварува толку мал профит?*

***Одговор:*** *Дејноста производство и дистрибуција на топлинска енергија е еден од најтешките бизниси. Тоа се гледа и по фактот што Топлификација АД Скопје ги врати лиценците за вршење на оваа дејност и никој не се јави за да го презеде овој бизнис. Топлификација АД Скопје е единствено друштво во источна и централна Европа која остварува дивиденда. Кога Топлификација АД Скопје би го немала уделот во ТЕ-ТО АД Скопје, не би можела да остварува приход, особено ако се има предвид дека Регулаторната комисија за енергетика признава само 3% ненаплатени сметки. Под такви услови не е можно да се оствари дивиденда. Од овие причини инвестиравме 30 милиони евра во ТЕ-ТО АД Скопје за да можеме да оствариме дивиденда.*

---

***Прашање:*** *Во вакви услови просечно се исплаќа 22.000 евра по менаџер, а интересен е фактот дека производството остварило загуба од 540.000 евра и дали поради тоа ќе се затвори?*

***Одговор:*** *Сите трошоци се покриваат и неможно е да се затвори производството на топлинска енергија.*

---

***Прашање:*** *Дали следната година акционерите можат да очекуваат профит и поголема дивиденда?*

***Одговор:*** *Се очекува секоја наредна година да биде подобра на овој план.*